Република Македонија
Министерство за финансии
Царинска управа

[redacted]

Предмет: Одговор по Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност

Врска: Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност број 09-258/4 од 18.07.2014

Бр. 02-048686/14-0003
Скопје, 20.08.2014 год.
21. 08. 2014

Царинска управа
Централна управа

Лазар Личеноски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**М-р Цвета Ристовска**
**Овластен државен ревизор**

Почитувани,

Царинската управа постапувајќи по дадените рокови, дадени со Дописот за доставување на Нацрт извештај го дава следното мислење во врска со Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност: Нацрт извештајот е реално и објективно изготвен и ја прикажува вистинската состојба во врска со ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Царинската управа.

Во врска со дадените препораки, ве информираме дека Царинската управа истите ги прифати и ги презема сите потребни активности за нивна целосна реализација.

Имено, по препораката број 1 - „Одговорното лице на Царинската управа да ги продолжи отпочнатите активности за зајакнување на контролниот систем во апликацијата за финансиско работење, со што ќе обезбеди заклучување на податоците од минатите години", Царинската управа ја подобри функционалноста на системот за финансиско работење од аспект на овозможување на заклучување на податоците од минатите години, изврши заклучување на минатите години, за што ви доставуваме доказ – Прилог 1 - print screen од функционалноста за заклучување по години, како и изврши тестирање во 2010 година, со цел да утврди дека во годината која е заклучена неможат да се вршат промени – доказ - print screen од тестирањето.

По препораката број 2 – „Одговорното лице на Царинската управа да ги продолжи отпочнатите активности за целосно усогласување на материјалната со сметководствената евиденција и да преземе мерки за целосно спроведување на

[redacted]

пописот на средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива“, Царинската управа изврши усогласување на материјалната со сметководствената евиденција за што ви доставуваме доказ – Прилог 2 – Рекапитулар - Преглед на основни средства (со состојба после извршена корекција во материјалната евиденција) и табела во excel формат која ќе Ви биде доставена по електронски пат (е-маил).

По препораката број 3 – „Раководителот на одделението за внатрешна ревизија навремено да го доставува годишниот план за ревизија до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани согласни истиот“, Раководителот на одделението за внатрешна ревизија го достави Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2014 година до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани до крајот на 2014 година. Доставата на Годишниот план до раководителите на организационите единици е извршена преку електронската архива за интерна комуникација (ЕДМС) на Царинската управа и по електронски пат (е-маил) – доказ – Прилог 3. Во насока на целосна реализација на дадената препорака, раководителот на одделението за внатрешна ревизија за секоја наредна година навремено ќе го доставува годишниот план за ревизија до раководителите на организационите единици кои треба да бидат ревидирани согласно истиот.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и реализацијата на дадените препораки, Ве информираме дека Царинската управа ќе продолжи и понатаму да презема мерки и активности во насока на унапредување на ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

Наташа Радеска Крстевска
Директор

[redacted]



Прилог:

- Прилог 1 – Доказ по препорака број 1,
- Прилог 2 – Доказ по препорака број 2,
- Прилог 3 – Доказ по препорака број 3.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Период | Контролор | | |
| 1 2 3 Вид. раб. | 4646 1655 (4 5 6 7 8 9 10 11) Идентификационен број | 09003001756371 6 (12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26) Резервни кодекси | |

Назив на субјектот Царинска Управа на РМ

Адреса, седиште и телефон Лазар Личеноски 13 3293957

Единствен даночен број 4030992228017

Назив на корисникот

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на ден 31.12. 2013 година

(во денари)

Сметка 090030017563716

| Ред. бр. | Група на сметки, или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ: Претходна година (почетна состојба) | Тековна година: Бруто | Тековна година: Исправка на вредноста | Тековна година: Нето (6 - 7) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | АКТИВА: | | | | | |
| | | А ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112 + 113 + 114 + 122 + 123) | 111 | 1703870738 | 2861232235 | 1308746724 | 1552485511 |
| 1. | 00 | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 112 | | [illegible] | | |
| 2. | 010,011 012 и 015 | II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА | 113 | 881655 | 881655 | – | 881655 |
| | | III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (од 115 до 121) | 114 | 1269944697 | 2427306194 | 1308746724 | 1118559470 |
| 3. | 020 и 029д | Градежни објекти | 115 | 899932845 | 968518578 | 78270918 | 890247660 |
| 4. | 021 и 029 д | Станови и деловни објекти | 116 | | | | |
| 5. | 022 и 029 | Опрема | 117 | 370011852 | 1458787616 | 1230475806 | 22831181[illegible] |
| 6. | 023 и 029д | Повеќегодишни насади | 118 | | | | |
| 7. | 024 и 029д | Основно стадо | 119 | | | | |
| 8. | 025 и 029 | Други материјални средства | 120 | | | | |
| 9. | 026 и 029д | Аванси за материјални средства | 121 | | | | |
| 10. | 030 | III-1. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ВО ПОДГОТОВКА | 122 | 433044386 | 433044386 | | 433044386 |

Издава "Македонија Биро" - Скопје

| **РЕКАПИТУЛАР<br>Состојба на основни средства во БИЛАНС НА СОСТОЈАБА 31.12.2013** | | | |
|---|---|---|---|
| **основно средство** | **набавна вредност** | **исправка** | **сегашна вредност** |
| земјиште | 881.655,00 | 0,00 | 881.655,00 |
| градежни објекти | 968.518.578,00 | 78.270.918,00 | 890.247.660,00 |
| опрема | 1.458.787.616,00 | 1.230.475.806,00 | 228.311.810,00 |
| **ВКУПНО** | **2.428.187.849,00** | **1.308.746.724,00** | **1.119.441.125,00** |